# „Ќе им биде простено на сите мои следбеници, освен оние кои јавно ќе го разгласат (гревот)

Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: Го слушнав Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Ќе им биде простено на сите мои следбеници, освен оние кои јавно ќе го разгласат (гревот). Јавно разгласување на гревови е кога некој ќе направи нешто во текот на ноќта, а наутро, откако Аллах ќе му го сокрие тоа, ќе повика некого и ќе му рече: ‚Синоќа направив тоа и тоа.‘, тој заспал со грев сокриен од својот Господар, а се разбудил споделувајќи го она што Аллах го сокрил од другите.“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ни објаснува дека за муслиманот грешник, треба да се надеваме дека Возвишениот ќе му прости, освен ако тој јавно не ги истакнува своите гревови, фалејќи се и од бесрамност, таквиот не заслужува прошка. Тој ноќе направил грев, а наутро откако Аллах му го сокрил гревот, тој го објавува кажувајќи му на некој за тоа, иако Возвишениот му го сокрил!



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee